# СОВЕТ НА ОПШТИНА КРАТОВО

## ПРОГРАМА

**За активностите на општина Кратово од областа на културата и културните манифестации за 2023 година**

**Кратово**
**Ноември 2022 г**

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРАТОВО
Бр. 09-1648/1
15.11. 2022
КРАТОВО

Врз основа на член 7 од Законот за култура („Службен весник на РМ“ бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 06/15, 154/15, 39/16, и 11/18), член 22, став 1, точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 20, став 1 од Пречистен текст на Статутот наОпштина Кратово (Службен гласник бр.10/2019), Советот на општина Кратово на седница на Советот одржана на: 15.11. 2022 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на општина Кратово од областа на културата и културните манифестации за 2023 година

**I.Вовед**

Со оваа Програма, Општина Кратово како локална самоуправа, самостојно во рамките на законот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење во областа на културата, утврдени со Законот за локалната самоуправа и Законот за културата.

Програмата ги дефинира целите на културната политика и туризмот на општина Кратово кои треба да ги исполнат носителите на културните активности, односно, тие да се во функција на културниот развој на општината во 2023 година.

Со оваа програма, врз основа на критериумите за финансирање на програмите и проектите, се утврдуваат активностите кои ќе бидат финансирани со програмата и висината на средствата за нивна реализација.

**II. Цели**

Основни цели на оваа Програма се:
- Обезбедување активен однос на Општина Кратово кон задоволување на потребите на граѓаните од областа на културата;
- Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Кратово;
- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Општина Кратово;
- Создавање услови за развој на културата;
- Воведување нови форми на културно изразување.

ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА АКТИВНОСТИ НА ОПШТИНА КРАТОВО ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТАИ КУЛТУРНИТЕ МАНИФЕСТАЦИИ ЗА 2023 ГОДИНА И ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ЗА НИВНА РЕАЗЛИЗАЦИЈА

| **Реден број** | **Краток опис** | **Активности** | **Временска рамка** | **Буџет** | **Носители на активности** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ***„Водици“ Голем Богојавленски водосвет***<br>Негување на народните обичаи и традицијата | - Озвучување<br>- Обезбедување на подароци за учесниците<br>- Чај, вода,сок | *Месец:*19ти Јануари<br>*Локација:* Градски базен | **25.000** | Општина Кратово |
| 2 | ***Панихида на Павел Шатев*** | - Цвеќе<br>- Програма за одбележување | *Месец:*30ти Јануари<br>*Локација:*Биста на Павел Шатев | **10.000** | Општина Кратово, Музеј на град Кратово, Сојуз на борци |
| 3 | ***Св.Ѓорѓи Кратовски – Патронен празник на градот*** | - Патронска програма за чествување на празникот составена од Свечена Богослужба<br>- печатење покани<br>- културно – уметничка програма<br>- свечен празничен ручек | *Месец:*24ти Февруари<br>*Локација:* Плоштад Павел Шатев | **300.000** | Општина Кратово, Дом на култура „Лазар Софијанов“, Музеј на град Кратово |
| 4 | ***Кино проекции*** | - Проекција на филмови | *Месец:* Во текот на годината<br>*Локација:* Мултимедијален центар | **50.000** | Општина Кратово, Дом на Култура „Лазар Софијанов“ Кратово, Локален младински совет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5 | ***Ден на шегата***<br>Кратовски маскенбал со учество на децата од детската градинка и основното училиште | - Озвучување | *Месец:*1ви Април<br>*Локација:* Градски плоштад | **10.000** | ЈОУДГ „Царка Андреевска“, ООУ „Кочо Рацин“, Дом на Култура „Лазар Софијанов“ - Кратово |
| 6 | ***Ден на културата*** | - Културно уметничка програма<br>- Озвучување<br>- Сместување на учесниците<br>- Храна | *Месец:*10ти Јуни<br>*Локација:* Плато пред Дом на култура | **20.000** | Општина Кратово, Дом на култура „Лазар Софијанов“ Кратово |
| 7 | ***Гостување на членови на КУД „Ефрем Каранов“ на фестивали*** | - Гостување и промовирање на македонскиот традиционален танц во државата и странство | *Месец:*Во текот на годината | **60.000** | Општина Кратово, Дом на култура „Лазар Софијанов“ Кратово |
| 8 | ***Културна манифестација „Златни денови“*** | - Овој фестивал е одлична можност за секој да се запознае со историјата на прекрасното Кратово и да си ја исполни душата со прекрасна музика, кратовски гурмански специјалитети и одлична забава. | *Месец:* Јуни-Јули<br>*Локација:* Плоштад Павел Шатев | **800.000** | Општина Кратово, Други донатори |
| 9 | ***Ослободување на градот*** | Полагање на свежо цвеќе, свечен говор, читање на литературни творби, коктел. | *Месец:* 6ти Септември<br>*Локација:* Спомен костурница | **10.000** | Општина Кратово, Музеј на град Кратово, Сојуз на борци |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Кратово |
| 10 | ***„Компиријада 2023“*** | - „Компиријада“ која освен промоција на кратовскиот компир предвидува и богата културно – забавна програма со повеќе активности и голем број на учесници. | *Месец:* Октомври<br>*Локација:* Плато пред Дом на култура | **50.000** | Општина Кратово, МЗШВ |
| 11 | ***Едукативни и креативни работилници од областа на културата*** | - Со цел развивање на аматерската култура и поттикнување на креативноста и унапредување на културниот развој на децата и младите, како и лицата со попреченост се предвидуваат работилници од областа на музичката, драмската и ликовната дејност. | *Месец:* континуирано во текот на целата година<br>*Локација:* Неколку локации во градот | **10.000** | Општина Кратово, ООУ „Кочо Рацин“ Кратово, СОУ „Митко Пенџуклиски“ Кратово |
| 12 | ***Подршка на здруженија на граѓани за организирање на културни настани*** | - Останати настани и манифестации кои ќе се реализираат во текот на 2023 година, а се организирани од страна на здруженија на граѓани. | *Месец:* континуирано во текот на целата година<br>*Локација:* Неколку локации во градот | **50.000** | Општина Кратово, НВО-а |
| 13 | ***Театарски претстави*** | - Гостување на домашни театарски куќи со свои претстави во кино салата. | *Месец:* Април-Октомври<br>*Локација:* Мултимедијален центар | **50.000** | Општина Кратово, Дом на култура „Лазар Софијанов“ Кратово |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | ***ВКУПНО:*** | | | **1.445.000,00** | |

**III. Финансирање**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма ќе биде реализирано од Буџетот на општина Кратово за 2023 година.

**IV. Завршни одредби**

За реализација на активностите и средствата предвидени за истите, сите корисници опфатени со оваа програма, треба да поднесат извештај до Одделениетo за општи, правни работи и јавни дејности во општина Кратово.

За реализација на програмата надлежен е Градоначалникот на општина Кратово.

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Кратово“ а ќе се применува до крајот на годината.

Бр. 09 –1648/1
15.11.2022 година
Кратово

**Претседател**
**на Советот на Општина Кратово**
**Весна Петрова**